**Барање:**

Која е надлежна институција во Република Северна Македонија за извршување на инспекциски надзор за да се утврди факти на правен субјект кој е сопственик и корисник на објект од значење на одбраната и од кој објект меѓу другите произлегуваат и информации кои се однесуваат на одбраната, во случај кога приватниот субјект согласно член 7, ства1 и 2 од Законот за класифицирани информации (Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019), не врши класификација на информациите (техничка и друга документација, податоци, планови, мапи, фотографии, видео материјали итн. кои произлегуваат од објектот, а се однесуваат особено на одбраната?

**Одговор:**

Во врска со горенаведеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за одбрана, Ве известува за следново:

Во врска со изготвувањето и класификацијата на информациите, обврска е, на изготвувачот на информациите да изврши степенување на истите доколку е потребно согласно член 7 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации (Сл. весник на РМ бр. 275/19) со тоа што согласно член 79 од истоимениот закон, се утврдува дека вршењето на инспекциски надзор над спроведување на Законот за класифицирани информации се врши од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, преку овластени инспектори за безбедност на класифицирани информации.